ОДУ.бр.364/26

**Република Северна Македонија**
**Н О Т А Р**
**НАДА ПАЛИЌ**
**за подрачјето на основните**
**судови на градот Скопје**
**ул.”Пролет” број 35 А Скопје**
**2026.05.28**

# ЗАПИСНИК

**од Годишно Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје**

Република Северна Македонија
**Н О Т А Р**
**НАДА ПАЛИЌ**
на подрачјето на основните
судови на град Скопје
ул."Пролет"број 35А Скопје
2026.05.28
12:00(дванаесет)часот

ОДУ.бр.364/26

**ИЗВОД**

Јас, **Нотар Нада Палиќ** од Скопје ул."Пролет"број 35А, потврдувам дека во двеиљјадитаидваесетишеста година, месец мај, ден дваесетиосми, врз основа на писмено Барање од НЛБ Банка АД Скопје, заведено под број 0302/15878-1 од 28.04.2026 година, кое е прилог на овој записник, да присуствувам на Годишно Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје, закажано за ден 28.05.2026 (ден дваесетиосми, месец мај, двеиљадитаидваесетишеста) година, со почеток во 12:00 (дванаесет) часот, во седиштето на НЛБ Банка АД Скопје на ул."Водњанска" број 1 Скопје, заради превземање на службено дејствие согласно член 92 од Законот за нотаријатот и член 383 и 384 од Законот за трговските друштва, а во врска со член 298 од истиот закон, како повикан Нотар да потврди Одлуки на Годишно собрание на акционери, го сочинив следниот------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------**З А П И С Н И К**------------------------------------------------------

-------------------**од Годишно Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје** ---------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Пред отпочнување на службеното дејствие утврдив дека:------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

НЛБ Банка АД Скопје, ЕМБС 4664531, со седиште на ул."Водњанска" број 1 Скопје е запишано во единствениот трговскиот регистар при Централен Регистар на Република Северна Македонија - Скопје, видно од увид во Тековна состојба /електронски издаден документ/ издадена од Централен Регистар на Република Северна Македонија – Трговски регистар и регистар на други правни лица под број 0805-50/150020260217067 од 28.5.2026 година.---------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Согласно Акционерската книга на НЛБ Банка АД Скопје издадена на ден 28.05.2026 година – 08:53:17 часот од Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје /електронски издаден документ/, која е прилог на овој записник, а кои се водат под ISIN MKTNBA101019, утврдив дека издавачот НЛБ Банка АД Скопје издало под Вид-Обични акции, со номинална вредност по ХВ: 1000 (еднаилјада) МКД, со вкупен број на ХВ: 854.061 (осумстотини педесетичетириилјадиишеесетиеден), со вкупен номинален капитал од 854.061.000,00 МКД (осум стотинипедесетичетиримилиониишеесетиеднаилјададенари), број на гласови 854.061 (осумстотинипедесетичетириилјадиишеесетиеден), состојба-Активен, број на иматели 1492 (еднаилјадаичетиристотинидеведесетидва) со број на сопственички позиции 1499 (една илјадаичетиристотинидеведесетидевет).--------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од увидот во Акционерска книга, утврдив дека акционери на НЛБ Банка АД Скопје се физички и правни лица.---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Седницата на Собранието е свикана врз основа на член 41 од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, а согласно Одлука за свикување на Годишно собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје и за утврдување на дневен ред за Собранието донесена од Надзорниот одбор на Банката на ден 26.03.2026 година, заведена под број 0203-121 од 26.03.2026 година, која е прилог на овој записник и на начин определен во член 387 од Законот за трговските друштва, со Јавен повик во дневен весник "Слободен Печат" од 27.04.2026 (ден дваесетиседми, месец април, двеиљадитаидваесетишеста) година, во кој е објавено дека Годишното собрание на акционери ќе се одржи на ден 28.05.2026 година, со почеток во 12:00 часот, во просториите на НЛБ Банка АД Скопје на ул."Водњанска" број 1 Скопје, а во кој е објавен дневниот ред на Годишното собрание на акционери, а кој е прилог на овој записник .--------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Седницата на Собранието започна во 12:06 часот (дванаесетчасотишестминути) и ја отвори Претседавачот на претходното Собрание на акционери адвокат Бранко Радојчиќ од Скопје – полномошник на доминатниот акционер Нова Љубљанска Банка д.д. Љубљана, кој најпрвин ги поздрави присутните акционери и констатира дека предлогот на Дневниот ред на Годишното собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје уредно е објавен во Јавниот повик во дневниот весник "Слободен Печат" од 27.04.2026 година, како и дека материјалите од ова Собрание согласно јавниот повик за -------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

свикување на Годишното собрание беа достапни за увид во просториите на НЛБ Банка АД Скопје, во Правни работи и секретаријат, секој работен ден од 10:00 до 13:00 часот од денот на објавувањето на јавниот повик, како и на интернет страницата на НЛБ Банка АД Скопје www.nlb.mk. ----------------------------

Присутни на оваа седница на Собрание на акционери се Претседателот на Управен одбор Тони Стојановски, Членот на Управен одбор Катерина Јанковиќ, Членот на Управен одбор Бојан Стојановски и Членот на Управен одбор Драгиша Тадиќ.----------------------------

Претседавачот на претходното Собрание на акционери адвокат Бранко Радојчиќ од Скопје – полномошник на доминатниот акционер Нова Љубљанска Банка д.д. Љубљана, констатира дека врз основа на потпишаниот Список на присутни акционери односно нивните полномошници со што го верификуваа своето присуство на Собранието (верификуван учесник на Собранието), а кој список е прилог на овој записник, од вкупниот број 853.318 обични акции со право на глас, присутни се акционери кои поседуваат **747.801 акции со право на глас** што претставува **87,63 %** од вкупниот број на акции со право на глас за ова Собрание на акционери, согласно акционерската книга издадена на денот одржувањето на ова Собрание, што значи дека на седницата на Собранието се присутни верификувани учесници кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акции со право на глас, односно обично мнозинство, што значи Собранието има кворум и може да одлучува по сите точки од дневниот ред, со прилог кон истиот Известување за учество на Собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје, 28.5.2026 година од доминатниот акционер Нова Љубљанска Банка д.д. Љубљана за неговото присуство преку своите полномошници секој поединечно адвокат Бранко Радојчиќ од Скопје и адвокат Лазар Трајковиќ од Скопје од 12.05.2026 година и Полномошно дадено од доминатниот акционер Нова Љубљанска Банка д.д. Љубљана, заверено кај Нотар Миро Кошак од Љубљана под бр.ОВ.3280/2026 од 18.05.2026 година.----------------------------

Претседавачот на претходното Собрание на акционери адвокат Бранко Радојчиќ од Скопје – полномошник на доминатниот акционер Нова Љубљанска Банка д.д. Љубљана, истакна дека Списокот на присутни акционери на Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје со свој потпис ќе го завери Претседавачот на Собранието и Нотарот. Од верификуваниот список за присуство Претседавачот објави дека Собранието има потребен кворум за работа и истото полноважно може да донесува одлуки по сите точки на дневниот ред, согласно Законот за трговските друштва и Статутот на Банката.----------------------------

Претседавачот на претходното Собрание на акционери адвокат Бранко Радојчиќ од Скопје – полномошник на доминатниот акционер Нова Љубљанска Банка д.д. Љубљана, истакна дека предлог дневниот ред е објавен во Јавниот повик и на официјалната интернет страница на друштвото за свикување на денешната седница на Годишното собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје и предлози за измени и дополнувања на дневниот ред до овој момент не се поднесени, па за денешното Годишното собрание на акционери се предлага следниот:----------------------------

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

**1.Избор** на Претседавач на Собранието; ----------------------------

**2.Избор** на Записничар и бројач на гласови на Собранието; ----------------------------

**3.Годишен извештај** за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2025 година, со:----------------------------
***Мислење на Надзорниот одбор** по Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2025 година;----------------------------
***Предлог – Одлука** за усвојување на Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2025 година; ----------------------------

**4.Извештај** на Ревизорската куќа Друштво за ревизија КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива за 2025 година, со:----------------------------
***Извештај за контрола и Мислење на Надзорниот одбор** по Извештајот на Ревизорската куќа Друштвото за ревизија КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива за 2025 година;----------------------------
***Предлог – Одлука** за усвојување на Извештајот на Ревизорската куќа Друштвото за ревизија КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива за 2025 година; ----------------------------

---

**5.Извештај** на Ревизорската куќа Друштвото за ревизија КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2025 година, со:---
***Извештај за контрола и Мислење на Надзорниот одбор** по Извештајот на Ревизорската куќа Друштвото за ревизија КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје за извршената ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2025 година;---
***Предлог – Одлука** за разгледување и прифаќање на Извештајот на Ревизорската куќа Друштвото за ревизија КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2025 година;---

---

**6.Годишен извештај** за работењето на Надзорниот одбор во 2025 година со вклучени резултати од поединечна и колективна **Оцена** на работата на членовите на Надзорниот одбор за 2025 година, со:---
***Предлог – Одлука** за одобрување на Извештајот за работата на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2025 година и одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор; ---

---

**7.Годишен извештај** за работењето на Управниот одбор во 2025 година, со:---
* **Предлог – Одлука** за одобрување на Извештајот за работа на Управниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје за 2025 година и одобрување на работата на членовите на Управниот одбор; ---

---

**8.Предлог – Одлука** за усвојување на годишна сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2025 година;---

---

**9.Предлог – Одлука** за употреба и распоредување на остварената добивка по годишната сметка и финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2025 година; ---

---

**10.Предлог – Одлука** за определување на износот на дивиденда и утврдување дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје; ---

---

**11.Предлог – Одлука** за назначување на друштво за вршење на ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2026 година.---

---

**12.Предлог – Одлуки** за одобрување на Политика на наградување на НЛБ Банка АД Скопје; ---

---

**13.Предлог – Одлука** за измена и дополнување на Статутот на НЛБ Банка АД Скопје.---

---

Се премина на <u>точка **1** од Дневниот ред</u> **Избор на Претседавач на Собранието**.---

---

Претседавачот на претходното Собрание на акционери адвокат Бранко Радојчиќ од Скопје – полномошник на доминатниот акционер Нова Љубљанска Банка д.д. Љубљана истакна дека, согласно член 48-а од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, со седницата на Собранието претседава Претседавач, кој се избира за секое одделно Собрание. Согласно законските прописи Претседавач на Собранието може да биде избран секој акционер или лице кое што застапува акционер, а не може да биде избран член на Управниот одбор или член на Надзорниот одбор на Банката. Исто така истакна дека акционерот Богоја Китанчев по пат на писмена коресподенција до НЛБ Банка АД Скопје заведено под број 02-15885/1 од 28.04.2026 година има доставено писмен <u>предлог</u> до Собранието на акционери за Претседавач на ова собрание да се избере акционерот Нова Љубљанска Банка д.д. Љубљана, кој е прилог на овој записник.

---

На ваквиот предлог Претседавачот на претходното Собрание на акционери адвокат Бранко Радојчиќ од Скопје – полномошник на доминатниот акционер Нова Љубљанска Банка д.д. Љубљана праша дали има некој забелешки и дали има друг предлог, па како никој не даде забелешка и немаше друг предлог, Предлог-одлуката за избор на Претседавач на Собранието ја стави на гласање на Собранието, која е прилог на овој записник. Гласањето е јавно. ЗА предлогот гласаа 747.801 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема. ---

---

Претседавачот на претходното Собрание на акционери адвокат Бранко Радојчиќ од Скопје – полномошник на доминатниот акционер Нова Љубљанска Банка д.д. Љубљана, констатира дека Собранието донесе **Одлука за избор на претседавач на Собранието,** која е прилог на овој записник односно **Претседавач на Собранието на акционери**, согласно член 395 став 2 од Законот за трговските друштва е избран **акционерот Нова Љубљанска банка Д.Д. Љубљана - преку полномошник адвокат Бранко Радојчиќ од Скопје**.---

---

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на собранието се заблагодари за изборот и довербата и премина на точка 2 од Дневниот ред **Избор на записничар и бројач на гласови на Собранието**.-------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на собранието по оваа точка на дневен ред за записничар на денешното Собрание на акционери се предлага Нотар Нада Палиќ од Скопје кој ќе го води и изготви Записникот од оваа седница на Собранието и за бројач на гласови на денешното Собрание на акционери се предлагаат да бидат избрани Андријана Бучковска и Кристина Јовановска-Јовчевска, правници во Секретаријат при Правни работи и секретаријат, па праша дали има некој забелешки и дали има друг предлог, па како никој немаше забелешки и друг предлог, Предлог-Одлуката за избор на записничар и бројач на гласови, ја стави на гласање на Собранието, која е прилог на овој записник. Гласањето е јавно. ЗА предлогот гласаа 747.801 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема. ------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за избор на записничар и бројач на гласови**/која е прилог на овој записник/.-----------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на точка 3 од Дневниот ред **Годишен извештај** за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2025 година, со:-------------------------------------------------------------------------------------------------------------
***Мислење на Надзорниот одбор** по Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2025 година;------------------------------------------------------------------------------------------------------------
***Предлог – Одлука** за усвојување на Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2025 година; ---------------------------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на собранието истакна дека Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2025 година од Март 2026 година, со Мислењето кон Годишниот извештај за работењето на Банката во 2025 година од Надзорниот одбор до Собранието на Банката и Предлог – Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2025 година, се прилог кон материјалите за оваа седница /прилози на овој записник/, па му даде збор на Претседателот на Управен одбор Тони Стојановски, кој се заблагодари на присуството на овогодишното Годишно Собрание на акционери на НЛБ Банка и се осврна на работењето на Банката во изминатиот период. -------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

” Во 2025 година, македонската економија продолжи да се движи низ комплексен и динамичен амбиент, одбележан со глобални економски турбуленции, геополитичка неизвесност и инфлаторни притисоци. И покрај ваквите услови, домашната економија оствари реален раст од 3,5%, при умерена инфлација од 4,1%, а банкарскиот сектор остана стабилен и отпорен, со солидна ликвидносна и капитална позиција.

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Во период кога неизвесностите и брзите промени стануваат нова реалност, добрата стратегијата е најважно средство за успешна навигација. Во 2025 година, Банката доследно ја спроведуваше својата стратегија заснована на профитабилен и одржлив раст, дигитална и организациска трансформација и целосна интеграција на ESG принципите, која е целосно на линија со Групациската Стратегија 2030, која НЛБ Групацијата ја обелодени во 2024 година и успешно ја спроведува. -------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Во 2025 година, НЛБ Банка Скопје уште еднаш ја потврди својата водечка позиција на пазарот и стабилноста, успешно адаптирајќи се на новите пазарни и регулаторни барања. Банката остана фокусирана на поддршка на клиентите, иновациите, дигитализацијата и одржлив развој, со јасна цел - создавање долгорочна вредност за сите засегнати страни, акционерите, клиентите, вработените и заедницата во која егзистираме. -------------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

2025 година на РАСТ И ТРАНСФОРМАЦИЈА-------------------------------------------------------------------------------
Кога се зборува за РАСТОТ, би сакал да истакнам дека 2025 година ја завршивме со историски највисоки резултати: ----------------------------------------------------------------------------------------------------------

- нето добивка по оданочување од 4.879 милиони МКД, што претставува раст од 48,1% во однос на претходната година.-------------------------------------------------------------------------------------------------
- Добивката пред оданочување достигна 5.532 милиони МКД, ----------------------------------------------
- вкупните нето-приходи од работењето изнесуваат 7.179 милиони МКД. Б-------------------------------
- билансната сума односно вкупната актива на Банката, на крајот од годината изнесуваше 156.931 милиони МКД и забележа годишен раст од 19,6%. --------------------------------------------------------------
- Стапката на поврат на капиталот (ROAE) по даноци достигна 24,4%, а ----------------------------------
- стапката на адекватност на капиталот 19,5%. ----------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

НЛБ Банка Скопје денес ја потврдува својата позиција како една од водечките финансиски институции во земјата – втор по големина играч на пазарот според кредитното портфолио и вкупните депозити. Под силниот бренд на НЛБ и благодарение на високо професионалниот тим, Банката за прв пат се искачи на првото место според кредити на домаќинствата, поставувајќи нови стандарди во банкарството и создавајќи долгорочна вредност за клиентите и акционерите. ---

Растот кој го оствaривме во 2025 е над просекот на банкарскиот сектор во Македонија. Така, вкупниот износ на кредити на НЛБ Банка порасна за 18,9% (во банкарскиот сектор: 15,2%). Кај компаниите, порастот беше 22,7% (во банкарскиот сектор: 15,3%), а кај домаќинствата 13,7% (во банкарскиот сектор: 10,9%). Депозитната база на Банката од население и од корпоративниот сектор порасна за 13,8% (во банкарскиот сектор: 10,1%).---

Дополнително, квалитетот на портфолиото дополнително се подобри, со удел на нефункционалните кредити од само 1,7%. ---

Вториот дел, како што споменав е ТРАНСФОРМАЦИЈАТА---

НЛБ Банка Скопје останува водечки иноватор во банкарскиот сектор во Република Северна Македонија, постојано воведувајќи технолошки промени што ги следат новите потреби на клиентите и европските трендови. 2025 година беше година беше година во која---

- Први ја воведовме услугата Apple Pay, ---
- Воведовме целосно дигитално потпишување на кредитна документација,---
- нови функционалности во mKlik апликацијата, ---
- услуги во европскиот систем на плаќања СЕПА, ---
- Банката овозможи онлајн отворање платежна сметка за физички лица и целосно дигитализирани банкарски производи – кредити, картички, лимити на трансакциска сметка и депозити преку mKlik апликацијата, со активирање на „Digital first“ и „Mobile first“ платформите.---
- Во текот на 2025 година беше реализирана првата фаза од модернизацијата и трансформацијата на деловната мрежа,---
- Се на се, успешно се реализираа 38 проекти од различни домени, во согласност со Групациската Стратегија 2030. ---

Овие активности не беа само технолошка надградба, туку суштинска промена на начинот на кој клиентите комуницираат со Банката.---

Би сакал да нагласам дека остварениот раст и достигнувањата во трансформацијата на Банката во текот на претходната 2025 година се гарант за нејзината стабилност и успешност во годините кои следат.------

НЛБ Банка АД Скопје останува лидер во одржливото финансирање и ESG интеграцијата. Во 2025 година, Банката реализираше зелени кредити во износ од 93,8 милиони евра, со фокус на енергетска ефикасност, обновливи извори и еколошки транспорт. Оперативниот јаглероден отпечаток е намален за 38% во однос на 2024 година. Банката додели 410 илјади евра донации и спонзорства, со акцент на проекти што ги поддржуваат целите на ОН за одржливост. ---

Во текот на 2025 година, Банката инвестираше во развојот на лидерски компетенции, дигитални вештини и ESG знаења кај вработените. Индексот на ангажираност достигна 91%, а жените се застапени со 50% на раководни позиции. Воведени се нови HR системи, програми за таленти и иницијативи за подобрување на ангажираноста и благосостојбата на тимот. ---

Особено сме горди што во 2025 година ја објавивме првата социо-економска анализа за банка во Република С. Македонија, изработена со техничка поддршка од PwC. Анализата потврди дека, врз основа на податоците за работењето во 2024, НЛБ Банка креира над 675 милиони евра додадена вредност во економијата – што претставува 4,3% од БДП на земјата – преку сите свои активности и синџирот на добавувачи. ---

Потврда за успешното работење се и бројните меѓународни и национални награди и признанија во 2025 година: ---

- По дванаесетти пат „Банка на годината“ (The Banker)---
- По осми пат „Најдобра банка“ во земјата и за прв пат „Најдобра дигитална банка“ во регионот на Централна и Источна Европа (EMEA, Лондон)---
- Признание за добри ESG-практики (Македонска берза и Американска стопанска комора)---
- Плакета за особен придонес и поддршка на Специјалната олимпијада на Северна Македонија---
- Признание за посветен партнер и донатор од Црвениот крст по повод 80-годишнината на организацијата. ---

Во 2025 година, Банката го усвои Планот за 2026 година и финансиските проекции до 2030 година. Стратешкиот фокус останува на дигитализација, иновации, подобрување на клиентското искуство и одржлив раст. Ќе продолжиме да инвестираме во нови технологии, автоматизација и развој на човечкиот капитал, со цел да обезбедиме долгорочна вредност за акционерите, клиентите, нашите вработени и заедницата. ---

Акцијата на НЛБ Банка АД Скопје остана една од најтргуваните на официјалниот пазар на Македонската берза. Пазарната капитализација на Банката на крајот на годината достигна 48,2 милијарди МКД. Банката редовно ја известува берзата за своето работење и останува препознатлива по транспарентноста и стабилноста на својата акционерска структура. ---

Добивката по акција во 2025 се зголеми на 5.713 денари од 3.858 денари по акција во 2024 година, што претставува јасен индикатор за успешноста во работењето и кредирањето на нова вредност за акционерите. ---

Во согласност со предложената одлука, ставена на дневен ред на ова акционерско собрание, се предлага исплата на дивиденда во износ од 2.571 денари бруто по акција (41,8 евра), што обезбедува атрактивен и одржлив принос за акционерите. Истовремено, Банката ја задржува силната капитална позиција, што овозможува понатамошна поддршка на растот и стабилноста на работењето. Овој пристап ја рефлектира нашата определба за континуирано зголемување на вредноста по акција, балансиран дивиденден модел и дисциплинирано управување со капиталот. ---

Почитувани акционери, ---

Вашата доверба и поддршка се клучни за нашиот успех. ---
Ви благодариме што сте дел од нашето патување и што заедно ја градиме иднината на НЛБ Банка АД Скопје како стабилен, иновативен и општествено одговорен финансиски партнер. ---

Како никој друг не зема збор, Претседавачот на собранието, Предлог – Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2025 година, ја стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите се констатира дека Предлог-Одлуката едногласно е усвоена. ЗА предлогот гласаа 747.801 акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

Претседавачот на собранието констатира дека Собранието донесе **Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2025 година** /прилог на овој записник/.---

Се премина на точка <u>4 од Дневниот ред</u> **Извештај** на Ревизорската куќа Друштво за ревизија КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива за 2025 година, со:---
***Извештај за контрола и Мислење на Надзорниот одбор** по Извештајот на Ревизорската куќа Друштвото за ревизија КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива за 2025 година;---
***Предлог – Одлука** за усвојување на Извештајот на Ревизорската куќа Друштвото за ревизија КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива за 2025 година.---

Претседавачот на собранието по оваа точка на дневниот ред истакна дека согласно Законот за банките, Надзорниот одбор на Банката го разгледува Извештајот на Друштвото за ревизија за финансиските извештаи и доставува писмено мислење по истиот до Собранието на Банката, а согласно Законот за трговските друштва, Надзорниот одбор на Банката на Собранието му поднесува писмен Извештај за контрола по Извештајот на Ревизорската куќа, за извршена ревизија на финансиските изврштаи за претходната деловна година.---

Исто така Претседавачот на собранието истакна дека Извештајот на Друштвото за ревизија КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива за 2025 година од 23.04.2026 година, со Годишниот извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје за 2025 година и неревидираната годишна сметка, кои се составен дел на истиот, со Извештајот за резултатите од ревизијата спроведена од страна на Друштвото за ревизија КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје, за извршена ревизија на финансиските извештаи
---

